УСТАВЕН СУД НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
СЕКРЕТАР

Бр. 125/23
Скопје 07 SEP 2023

До
Институт на сметководители и овластени сметководители на Република Северна Македонија
Ул.Кеј 13ти Ноември кула 2/8
(зграда на главна дирекција на ГТЦ)
Скопје

Предмет: Барање на одговор

Пред Уставниот суд на Република Северна Македонија е поднесена иницијатива за поведување постапка за оценување на уставноста и законитоста на член 13 од Правилникот за начин и постапка за добивање на уверение за сметководител и овластен сметководител и упис во регистар донесен од Институт на сметководители и овластени сметководители на Република Северна Македонија У.О. број 0202/366 од 29.06.2023 година.

Ве молиме во рок од 10 дена по приемот на ова барање до Уставниот суд да ни го доставите оспорениот акт како и одговор по однос на наводите содржани во иницијативата.

Прилог : иницијатива

СЕКРЕТАР
на Уставниот суд на Република Северна Македонија
Александар Лазов

ПРИМЕНО
26 SEP 2023
ИНСТИТУТ НА СМЕТКОВОДИТЕЛИ И ОВЛАСТЕНИ СМЕТКОВОДИТЕЛИ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Кеј „Димитар Влахов“ бр.19, Скопје. Тел: +389 2 165 153, Факс: +389 2 119 355
е-пошта: mail@ustavensud.gov.mk

Адвокатска канцеларија
П Р Ч Е В С К И
Адвокат Петар Прчевски Битола
ДТЦ Шехерезада, ламела А, кат 1, лок 5
тел/фах 047 235 778, моб.071 222-161
е-маил: prchevski_p@yahoo.com
електронско сандаче:http://edostava.sud.mk – корисничко име: prchevski.petar

До

Уставен суд на Република Северна Македонија

Ул. Кеј Димитар Влахов бр. 19, 1000 Скопје

ПОДНОСИТЕЛ:

Петар Прчевски адвокат од Битола,

со седиште ДТЦ Шехерезада, ламела А, кат1,

лок. 5, 7000 Битола

ИНИЦИЈАТИВА

ЗА ПОВЕДУВАЊЕ НА ПОСТАПКА ЗА ОЦЕНУВАЊЕ НА УСТАВНОСТА И ЗАКОНИТОСТА

НА ОДРЕДБА ОД ПОДЗАКОНСКИ ОПШТ АКТ - ПРАВИЛНИК

Врз основа на член 24 ст.1, член 108, член 110 ст.1 ал.2, чл. 112 ст.2 од Уставот на РС.Македонија и член 11, член 12 и член 15 од Деловникот на Уставниот суд на РСМ, се поднесува иницијатива за поведување постапка за оценување на уставноста и законитоста на одредба од Правилникот за начин и постапка за добивање на уверение за сметководител и овластен сметководител и упис во регистар донесен од Институт на сметководители и овластени сметководители на Република Македонија У.О.број 0202/366 од 29.06.2023 година.

Сметаме дека одредбата од член 13 од Правилникот за начин и постапка за добивање на уверение за сметководител и овластен сметководител и упис во регистар донесен од Институт на сметководители и овластени сметководители на Република Македонија У.О.број 0202/366 од 29.06.2023 година, е во спротивност со член 51 ст.1 и 2, член 55 ст.1 и ст.4 од Уставот на РС. Македонија, додека истата одредба е во спротивност со одредбите од член 231, член 243, член 366 од Законот за трговските друштва, во спротивност со чл. 122 од Законот за работни односи, како и во спротивност со одредбата од член 32 од Законот за вршење на сметководствени работи.

О б р а з л о ж е н и е

Согласно одредбата од член 13 од Правилникот за начин на и постапка за добивање на уверение за сметководител и овластен сметководител и упис во регистар донесен од Институт на сметководители и овластени сметководители на Република Македонија У.О.број 0202/366 од 29.06.2023 година:

(1) Подносител на барање за издавање на лиценца за работа на трговецот поединец-сметководител и трговец поединец-овластен сметководител може да биде единствено трговец поединец на чие име гласи фирмата (овластеното лице), додека подносител на барање за издаање на лиценца за работа на трговско друштво може да биде само управителот на трговското друштво.

(2) Подносител на барањето за издавање на лиценца за работа на трговецот поединец-сметководител и трговецот поединец - овластен сметководител односно трговско друштво, МОЖЕ ДА БИДЕ ВРАБОТЕН И НА СКРАТЕНО РАБОТ ... должен е покрај доказите од чл. 11 став 2) од овој Правилник да достави и доказ дека подносителот на барањето е вработен со полно работно време во трговец поединец односно во трговското друштво.

Член 13

(1) Подносител на барање за издавање на лиценца за работа на трговецот поединец-сметководител и трговецот поединец-овластен сметководител може да биде единствено трговец поединец на чие име гласи фирмата (овластеното лице), додека подносител на барање за издавање на лиценца за работа на трговско друштво може да биде само управителот на трговското друштво.

(2) Подносител на барањето за издавање на лиценца за работа на трговецот поединец-сметководител и трговецот поединец-овластен сметководител односно трговско друштво, може да биде вработен и на скратено работдолжен е покрај доказите од член 11 став 2) од овој Правилник да достави и доказ дека подносителот на барањето е вработен со полно работно време во трговецот поединец односно трговското друштво.

Оваа одредба од Правилникот, која во дел е конфузна, нејасна, со технички недостатоци, пред се е во спротивност со член 51 ст.1 и 2 од Уставот на РМ, односно :

Во Република Македонија законите мораат да бидат во согласност со Уставот, а сите други прописи со Уставот и со закон.

Секој е должен да ги почитува Уставот и законите.

Одредбата од Правилникот, како и погоре напоменавме, не е во согласност со повќе одредби од ЗТД, како и со одредби од ЗРО и Законот за вршење на сметководствени работи, за што во оваа иницијатива даваме конкретно образложение.

Исто така, сметаме дека одредбата од член 13 од Правилникот е во спротивност со член 55 ст.1 и ст.3 од Уставот на РМ, според кои:

Се гарантира слободата на пазарот и претприемништвото.

Републиката обезбедува еднаква правна положба на сите субјекти на пазарот. Републиката презема мерки против монополската положба и монополското однесување на пазарот.

Слободата на пазарот и претприемништвото можат да се ограничат со закон единствено заради одбраната на Републиката, зачувувањето на природата, животната средина или здравјето на луѓето.

Со одредбата од Правилникот, како прво се ограничува слободатата на пазарот и претприемништвото, пред се поради фактот што на субјектите кои имаат намера и интерес да вршат дејност како сметководители, им се ускратуваат права кои им се дадени согласно закон, односно се ограничуваат во слободата да вршат и друга дејност или да бидат основачи-управители и на други правни субјекти-трговски друштва, кои би се занимавале со иста дејност.

Правата кои секој правен субјект ги има при основањето, во согласност со ЗТД и понатаму во согласност со Законот за вршење на сметководствени работи, се ограничуваат со оваа одредба од Правилникот, односно му се ограничува правото на слободата на пазарот и претприемништвото.

Во кратки црти, појаснуваме дека согласно член 13 ст.2 од Правилникот, барање за издавање на лиценца за работа како овластен сметководител, може да достави само управителот на трговското друштво, кој е вработен во трговското друштво, со полно работно време.

На овој начин, се ограничуваат сите субјекти во слободата на пазарот и претприемништвото, бидејќи, доколку едно исто лице, има намера и интерес да основа повеќе трговски друштва и да биде управител на повеќе трговски друштва кои би вршеле иста дејност како овластен сметководител, а кое право го имаат согласно ЗТД да бидат основачи и управители на повеќе правни лица, предвид на фактот дека едно физичко лице може единствено со полно работно време да биде вработено само кај еден правен субјект, со оваа одредба и со наметнатата обврска да управителот биде вработен со полно работно време во трговското друштво кое е подносител на барањето за издавање на лиценца, неспорно е дека тоа физичко лице-управителот се ограничува во правото да има целосна слобода за негово учество на пазарот и во процесите на претприемништво.

- Во македонското законодавсто не постои правна норма со која е утврдена обврска на управителот на трговско друштво, да биде вработено лице во трговското друштво. Управителот има слобода, да одлучи на кој начин ќе биде регулиран неговиот ангажман во трговското друштво.

Оспорената одредба од Правилникот, е во спротивност со одредбата од чл. 231 од ЗТД, со која се утврдени условите, кое лице може да биде управител во трговско друштво и согласно која одредба не е утврдено дека управителот треба да биде вработено лице во друштвото.

Согласно чл. 231 од ЗТД:

(1) Со друштвото управува управител, односно управители (во натамошниот текст: управител).

(2) Кога во друштвото има три или повеќе управители, тие можат заедно да управуваат со друштвото како орган на управување на друштвото на начин определен во договорот за друштвото. Составот, организацијата, работата и надлежностите на органот на управување на друштвото се определуваат во договорот за друштвото.

(3) За управител може да биде избрано физичко лице кое е деловно способно.

(4) За управител не може да биде избрано лице на кое со правосилна судска одлука делумно или во целост му е забрането да врши професија, дејност или должност што е поврзана со функцијата управител на друштвото додека трае забраната.

Оваа одредба го наметнува и прашањето, што доколку трговското друштво има три или повеќе управители, дали оспорената одредба од Правилникот ги ограничува и условува сите управители да бидат вработени со полно работно време?

- По однос на личната положба на управителот - Управителот е орган на друштвото со ограничена одговорност. Во тоа својство тој го застапува друштвото, т.е. склучува правни работи во негово име и за негова сметка. Управителот е во ситуација која е во основа уредена со закон отколку договорна, бидејќи неговите овластувања и неговите права и обврски се утврдени во законот и дополнително со договорот што тој (управителот) го склучува со друштвото.

Тоа е општата правна рамка во која може да се расправа за личната положба на лицето кое е избрано за управител на друштвото со ограничена одговорност.

Согласно ЗТД, по однос на неговата положба постои забрана за кумулирање на својството управител со договор за работа- Забраната за кумулирање на својството управител со договорот за работа всушност значи забрана избраниот управител да го стекне својството на вработен во друштвото, односно стекнатото својство на вработен пред изборот за управител да го задржи и по изборот за управител. Законот само ја споменува можноста управителот и друштвото да склучат договор со кој ќе ги уредат меѓусебните права и обврски. Меѓутоа, во став 5 на членот 366 од Законот за трговските друштва е пропишано дека одредбите од законот (член 366) соодветно ке се применуваат и на управителот на друштвото со ограничрена одговорност. Во членот 366 од Законот за трговски друштва се уредува статусот, т.е. личната положба на членовите на органот на управување на акционерското друштво. Со соодветна примена на одредбите на членот 366 од Законот за трговски друштва може да се формулираат следните пропозиции во поглед на работноправниот статус на управителот на друштвото со ограничена одговорност:

Прво, правата и обврските од работниот однос што ги стекнал управителот кој пред изборот бил во работен однос со друштвото, утврдени со договор за работа, му мируваат. Мирувањето започнува од денот на изборот на тоа лице за управител.

Второ, лицето кое е избрано за управител не може по изборот да склучува договор за работа со друштвото чиј управител е, додека не истече времето на кое е избран за управител.

Трето, управителот за времето за кое е избран правата од работен однос ги остварува според условите утврдени во договорот за уредување на односите на управителот и друштвото. Со договорот за уредување на односите со управителот се уредуваат: платата, односно надоместоците ако управителот не прима плата учеството во добивката, надоместокот на трошоците, надоместокот за осигурување на живот и други видови осигурување и другите права од работен однос.

Четврто, на управителот не се применуваат одредбите од колективните договори како и одредбите од Законот за работни односи што се однесуваат на засновањето и на престанувањето на рабнотниот однос , на дисциплинската одговорност, на платата, на надоместоците и на заштитата на правата од работниот однос. Овие права управителот ги остварува на начинот и под условите утврдени во договорот за уредување на односите на друштвото со управителот.

Сите погоре наведени услови кои ги поставува ЗТД, се во спротивност со условот кој е наметнат со оспорената одредба, во делот на обврската да управителот како подносител на барањето за добивање на лиценца за работа е потребно да биде вработен во трговското друштво со полно работно време.

Со оваа одредба од Правилникот, сметаме дека, помеѓу другото, се ограничува правото и на другите овластени лица во трговското друштво, особено на трговските друштва кои се основани од едно лице, лицата кои тоа право да управуваат со друштвото го имаат согласно Законот за трговските друштва, а се мисли на содружникот-основачот на друштвото на прокурист, на

полномошник овластен од основачот или управителот. Поради оваа причина, и самиот законодавец управувањето во друштвото не го ограничува само на управителот, притоа едноставно наведува - овластеното лице кое може да биде било кое од споменатите.

- Оспорената одредба од Правилникот е во спротивност и со одредбата од член 122 од Законот за работни односи, со која се уредува правото на работа со скратено работно време во посебни услови.

Согласно чл. 122 од ЗРО:

(1) Работникот кој работи помалку од полното работно време (скратено работно време) во согласност со прописите за пензиско и инвалидско осигурување (инвалидност), прописите за здравствено осигурување (медицинска рехабилитација) и остварува права од задолжителното социјално осигурување кога би работел со полно работно време.

(2) Работникот од ставот (1) на овој член, кој работи помалку од полното работно време, има право на плаќање за работата според стварните работни обврски, како и други права и обврски од работниот однос како работникот кој работи полно работно време, ако со овој закон поинаку не е определено.

Со спорната одредба од Правилникот, се ограничува правото кое одредени лица, кои согласно прописите за пензиско и инвалидско осигурување, како и прописите за здравствено оигурување, остариле право за раборта со скратено работно време, да бидат ограничени во можноста да вршат дејност како овластен сметководител, било тоа како трговец поединец или како управител на трговско друштво.

- Оспорената одредба од Правилникот, сметаме дека е во спротивност и со одредбата од член 32 од Законот за вршење на сметководствени работи. Согласно член 32 ст.1 и 2 од од Законот за вршење на сметководствени работи, се утврдени условите кои се потребни при поднесување на на барањето за издавање на лиценца, и тоа:

(1) Трговец поединец или трговско друштво може да врши сметководствени работи по добивање на лиценца за работа од Институтот, со извршен упис во соодветниот регистар на Институтот.

(2) За добивање лиценца за работа, правното лице поднесува барање до Институтот. Кон барањето ја приложува следнава документација:

1) решение за упис од Централниот регистар;

2) уверение за стекнат статус за сметководител односно овластен сметководител на име на подносителот на барањето;

3) список на вработени лица - вршители на сметководствени работи, регистарскиот број под кој се запишани во соодветниот регистар на Институтот со назнака на лицата кои имаат право за составување и потпишување на годишна сметка и/или финансиски извештаи;

4) доказите од членот 27 став (2) точки 2), 3) и 4) од овој закон;

5) доказ дека не е отворена или поведена стечајна постапка или ликвидација;

6) доказ за годишно осигурување при вршење на сметководствени работи и тоа за:

- трговец поединец – сметководител, износ од минимум 2.000 евра во денарска противвредност по штетен настан,

- *трговец поединец – овластен сметководител на износ од минимум 10.000 евра во денарска противвредност по штетен настан,*

- *друштво за вршење на сметководствени работи на износ од минимум 20.000 евра во де арска противвредност по штетен настан и*

7) доказ за уплатен надоместок за издавање лиценца за работа.

Со оваа одредба, е дефинирано кои докази е должен подносителот да ги достави кон барањето, но кон истите не е наведено дека е потребно да се достави доказ дека подносителот на барањето - управителот е вработен во трговското друштво со полно работно време.

Всушност со оспорената одредба од Правилникот, се врши дополнување на одредбата од чл. 32 од Законот за вршење на сметководствени работи, што и претставува на некој начин, измена-дополна на законска одредба со правилник, што не е дозволиво по ниту еден основ.

- Укажуваме и на очигледена грешка во официјалниот текст на Правилникот, имено во одредбата од член 13 ст.2, се наведува – покрај доказите наведени во член 1 ст.2 од овој правилник, ..., иако во Правилникот, членот 11 нема став 2.

Предвид на погореизнесеното, а со оглед да оспорената одредба од член 13 од Правилникот за начин и постапка за добивање на уверение за сметководител и овластен сметководител и упис во регистар донесен од Институт на сметководители и овластени сметководители на Република Македонија У.О.број 0202/366 од 29.06.2023 година, не е во согласност со одредбите од Уставот на Р.Македонија и посочените одредби од ЗТД, ЗРО и Законот за вршење на сметководствени работи кои се предходно цитирани, предлагаме Судот да поведе постапка за оценување на негова уставност и законитост и истата да ја поништи, како и при донесување на решение за поведување на постапката, да ја запре од извршување нападнатата одредба, со сите дејствија превземени во врска со тоа.

Со почит,

Предлагач:

Адв. Петар Прчевски

Петар Прчевски
Ул.Иван Милутиновиќ бр.66
ДТЦ-Шех-Вокал А/Кат1 лам.5 Битола
Лиц.бр.2879

03.08.2023 год.

Битола